Уп. бр. 08-71

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АЛТА РЕТАИЛ ДОО БЕЛГРАД , трговско друштво со седиште на адреса Угриновачка 223, 11000 Белград Земун, доставено преку полномошник Адвокатско Друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 28.04.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува концентрацијата која се однесува на стекнување целосна контрола од страна на АЛТА РЕТАИЛ ДОО БЕЛГРАД со седиште на адреса Угриновачка 223, 11000 Белград Земун Република Србија, над Идеа Маркети ДОО Белград, со седиште на ул. Змаjева 12г, Белград (Земун) Република Србија, М-ПРОФИЛ СПВ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ БЕЛГРАД, со седиште на ул. Змаjева 12г, Белград (Земун), Република Србија, Трговско друштво за деловни услуги мСтарт Бизнис Солушнс ДОО Белград-Земун, со седиште на ул. Змаjева 12в, Белград (Земун), Република Србија, СУПЕР КАРТИЦА друштво со ограничена одговорност Белград- со седиште на ул. Змаjева 12г, 11080 Белград (Земун), Република Србија и ЕННА Фрут ДОО Белград-Гроцка со седиште на ул. Народни Херои 17а, 11430 Гроцка, Пударци, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.04.2026 година, дополнето на 15.04.2026, 17.04.2026 и на 22.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на целосна контрола од страна на АЛТА РЕТАИЛ ДОО

БЕЛГРАД, трговско друштво со седиште на адреса Угриновачка 223, 11000 Белград Земун, над друштвата во сопственост на ФОРТЕНОВА ГРУПА акционерско друштво за управување, со седиште на адреса ул. Маријан Чавиќ бр. 1, Загреб, Република Хрватска и тоа над следните друштва:

1. Идеа Маркети ДОО Белград, со седиште на ул. Змајева 12г, Белград (Земун) Република Србија;
2. М-ПРОФИЛ СПВ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ БЕЛГРАД, со седиште на ул. Змајева 12г, Белград (Земун), Република Србија;
3. Трговско друштво за деловни услуги мСтарт Бизнис Солушнс ДОО Белград-Земун, со седиште на ул. Змајева 12в, Белград (Земун), Република Србија;
4. СУПЕР КАРТИЦА друштво со ограничена одговорност Белград- со седиште на ул. Змајева 12г, 11080 Белград (Земун), Република Србија и
5. ЕННА Фрут ДОО Белград-Гроцка со седиште на ул. Народни Херои 17а, 11430 Гроцка, Пударци, Република Србија, чиј единствен (100%) сопственик на уделите е Аривиера Фрут друштво со ограничена одговорност за производство и друштво со седиште на ул Трношчица 14, Дуго Село, Република Хрватска, кое е под контрола (во 100% сопственост) на Фортенова.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

АЛТА РЕТАИЛ ДОО БЕЛГРАД е новоосновано друштво, основано со цел спроведување на трансакцијата, и до денот на поднесување на пријавата нема никакви деловни активности, туку исклучиво служи за потребите на трансакцијата. Истото е регистрирано со дејност на холдинг компании. Алта Ретаил припаѓа на Алта Групацијата, која има примарен фокус на банкарски и сродни финансиски услуги чиј клучен дел од работењето се однесува на платниот промет, кредитирање, депозитни работи и девизни трансакции, како и на финансирање на набавка на возила, опрема и механизација за деловни субјекти.
Покрај основниот финансиски сегмент, групата е диверзифицирана и преку активности во областа на платни услуги и електронски пари. Помал дел од работењето опфаќа трговија со инвестиционо злато, развој и управување со недвижности, како и реализација на градежни проекти.

Крајниот сопственик на Алта Групацијата, г-дин Давор Мацура, државјанин на Република Србија, кој има директна контрола над Акционерско друштво за осигурување ЗОИЛ Македонија, Битола, со регистрирано седиште на ул. Прилепска бр. 1/2/1 Приземје-Ком.Пел.1 Битола Република Северна Македонија.

Алта Групацијата е присутна во Република Северна Македонија преку АЛТА Банка АД Битола,со адреса на ул. Добривое Радосављевиќ бр.21 Битола, која врши банкарски дејности, а која има присуство во Друштво за трговија и услуги ПЕЛАГОНИЈА ФАЈНАНС ДОО Скопје – во ликвидација, со адреса на ул. Македонија бр. 38 Скопје. ПЕЛАГОНИЈА

ФАЈНАНС ДОО Скопје е друштво во ликвидација, и поради тоа не врши деловни активности.
Од 2026 година Алта Групацијата е присутна во Република Северна Македонија и преку АЛТА ГРОУП ДООЕЛ Скопје, со адреса на ул. Мирче Ацев бр.3 – Гранд Б.Ц./8кат Скопје со дејност друго монетарно посредување.

Идеа Маркети ДОО Белград, М-ПРОФИЛ СПВ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ БЕЛГРАД, Трговско друштво за деловни услуги мСтарт Бизнис Солушнс ДОО Белград-Земун, СУПЕР КАРТИЦА друштво со ограничена одговорност Белград- и ЕННА Фрут ДОО Белград-Гроцка се со значајно присуство во секторот на трговија и дистрибуција на стоки за широка потрошувачка. Целната групација претставува функционално интегриран систем кој опфаќа малопродажба, логистика, ИТ поддршка, управување со односите со потрошувачите, како и снабдување со свежи земјоделски производи.

Ниту едно од целните друштва не е присутно во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Siljановска Николиќ**